# ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЕКСПЕРТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПОЛИСИ БРИФ

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје, во рамките на проектот „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“, финансиран од Европската Унија и РЕФ, објавува повик за експерти за изработка на Policy Brief.

## Опис на активноста

Активноста има за цел изработка на Policy Brief од областа на бариерите и предизвиците со кои се соочуваат младите Роми при транзицијата кон пазарот на трудот.

Активноста опфаќа спроведување на истражувачки активности, анализа на податоци и подготовка на финален документ со препораки за политики кои ќе го подобрат пристапот на младите Роми до пазарот на труд и можностите за вработување.

Во рамките на активноста ќе се спроведат следните активности:

- Развој и мониторинг на истражувачка методологија;
- Подготовка на инструменти за теренско истражување;
- Спроведување на теренски истражувања и собирање податоци;
- Анализа на податоците и подготовка на финален текст со препораки;
- Лекторско и графичко уредување;
- Печатење и дистрибуција на примероци до релевантни чинители и заинтересирани страни.

Активноста ќе се спроведува во текот на академската година и ќе придонесе кон јакнење на капацитетите на младите Роми, како и кон развој на одржливи препораки за политики насочени кон подобрување на нивниот пристап до пазарот на труд.

## Цели на активноста

- Да се идентификуваат бариерите и предизвиците со кои се соочуваат младите Роми при транзицијата кон пазарот на труд;
- Да се развијат квалитетни истражувачки методологии и инструменти за собирање и анализа на податоци;
- Да се подготви стручна и аналитичка анализа (Policy Brief) во обем од 10–20 страници со препораки за политики кои ќе го подобрат пристапот на младите Роми кон пазарот на труд и можностите за вработување;
- Да се зајакнат капацитетите на студентите-истражувачи преку менторство и поддршка од експерти;
- Да се овозможи поддршка за креирање на препораки и заклучоци кои ќе бидат корисни за институции, носители на одлуки и други релевантни чинители;
- Да се придонесе кон развој на политики и програми кои ќе ја подобрат социјалната и професионалната интеграција на младите Роми.

За оваа активност потребни се:

**<u>Ментор</u>**

**Обем на работата:**

- Да ги води и надгледува студентите-истражувачи при подготовката на Policy Brief;
- Да обезбедува континуирана поддршка, насоки и менторство за правилно спроведување на истражувачките активности;
- Да охрабрува, мотивира и поттикнува тимската работа и креативност кај студентите-истражувачи;
- Да помага во разбирање на истражувачките резултати и нивно презентирање на јасен и професионален начин;
- Да соработува со Ромаверзитас во организацијата на активностите и следење на предложената временска рамка.

**Потребни квалификации:**

- Соодветно високо образование;
- Работно искуство во менторство, насочување или поддршка на тимови;
- Искуство во работа со млади и/или маргинализирани групи (предност со Ромската заедница);
- Одлични комуникациски и интерперсонални вештини;
- Способност за мотивирање, насочување и охрабрување на тимот;
- Организациски способности за следење на напредокот на активностите;
- Способност за поддршка на развојот на професионалните и истражувачките вештини на студентите.

**<u>Методологист</u>**

**Обем на работата:**

- Да ги дефинира индикаторите за постигнување;
- Да даде предлог за предмет на истражување, методологија и техники за спроведување и финализирање на истражувањето;
- Да развие и мониторира истражувачка методологија и инструменти за собирање податоци;
- Да ги проверува и анализира собраните податоци за Policy Brief;
- Да соработува со Ромаверзитас во изработката на документот согласно предложената временска рамка.

**Потребни квалификации:**

- Соодветно високо образование (предност постдипломски студии);
- Работно искуство од најмалку 5 години во развој на методологии и научни истражувања;

- Искуство во работа со маргинализирани групи (предност со Ромската заедница);
- Одлични истражувачки и аналитички способности;
- Искуство во изработување на анализи, истражувања, прирачници, програми и слично;
- Способности за планирање и организација.

**Потребни документи**

- Кратка биографија (CV)**;**
- Доказ за завршено соодветно образование**;**
- Дополнителна документација која кандидатот смета дека ќе биде релевантна и ќе го поддржи пријавувањето.

**Начин за пријавување**

Документите се доставуваат на e-mail: office@romaversitas.org.mk, најдоцна до 26.02.2026, со назнака: „Апликација за експерт – ментор“ или „Апликација за експерт – методологист“ или директно во канцелариите на Ромаверзитас.

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.